РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-415/9
10-01-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2025 ГОДИНА



СКОПЈЕ,
Јануари 2025

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и208/24) и член 20 од Статутот на Јавното Претпријатие за државни патишта, Управниот одбор ја донесе Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година:

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 година донесена од Владата на Република Северна Македонија, објавена во Службен Весник на Република Македонија бр.1 од 02.01.2013 година. Јавното претпријатие е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со број ЕМБС 6839673 и истото е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Јавното претпријатие за државни патишта го организира своето работење, планирање, развој и обезбедување приходи врз основа на Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

# I.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2025 ГОДИНА

Планираните приходи за 2025 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието, утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за:
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот;
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи

- Табеларен приказ на планираните приходи и приливи од странски кредити за 2025 година

| ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ | ПРОГРАМА 2025 година |
|---|---|
| **ПРИХОДИ** | **13,000,000,000** |
| Дел од акциза од деривати од нафта | 6,000,000,000 |
| Патарина | 4,500,000,000 |
| Регистрација (патна такса) | 2,400,000,000 |
| Други приходи од работењето | 100,000,000 |
| **Пренесено салдо од 2024 година** | **366,500,000** |
| **ПРИЛИВИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ И ГРАНТОВИ** | **8,772,000,000** |
| Кредит од Светска банка | 1,250,000,000 |
| Грант од Светска банка | 567,000,000 |
| Кредити од ЕБОР | 2,455,000,000 |
| Кредит од Ексим Банка | 4,500,000,000 |
| **Средства од Буџетот за 2025 година за инвестиции во патна инфраструктура** | **8,000,000,000** |
| **Пренесени средства од Буџетот за 2024 година за инвестиции во патна инфраструктура** | **1,120,500,000** |
| **ВКУПНО** | **31,259,000,000** |

I.1 Во 2025 година планирано е да се остварат **приходи** во вкупна вредност од **13.000.000.000 денари,** и тоа:

**I.1.1** Приходот од акцизата од деривати од нафта за 2025 година се планира да изнесува **6.000.000.000 денари**. Висината на овој приход се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 30%

од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта. Средствата се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку 4 пати годишно, во интервали од најмногу 3 календарски месеци.

**I.1.2** Од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објектот на патот (патарина), се очекува приход во износ од **4.500.000.000 денари**. Вкупниот приход по овој основ пресметан е врз база на остварената фреквенција на сообраќајот по видови и категории на возила во 2024 година и остварените приходи од претходните години и согласно Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/19).

**I.1.3** Планираниот приход од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при **регистрација** на возилата, изнесува **2.400.000.000 денари.** Приходот е планиран и се реализира согласно Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на на Република Македонија" бр.118/09) и Одлуката за измена на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/14), како и врз основа на остварените приходи од претходните години по овој основ.

**I.1.4** Другите приходи од работењето во 2025 година се очекува да изнесуваат **100.000.000 денари**, а се планира да се остварат од надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта и тоа:

- поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
- приклучување на пристапен пат на државен пат,
- поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
- изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
- прекумерно користење на пат,
- вонреден превоз,
- штета сторена на патот и објектите на патот и други.

➢ Графички приказ на планираните приходи за 2025 година




**I.2** Во 2025 година се планира да се остварат приливи од странски кредити во вкупна вредност од **8.772.000.000 денари**, и тоа:

**I.2.1**. Од Светска Банка за финансирање на Проектот за унапредување и развој на патишта се очекува прилив од **1.250.000.000 денари**,

**I.2.2**. Од Грант од Светска Банка за финансирање на Проектот за унапредување и развој на патишта се очекува прилив од **567.000.000 денари**,

**I.2.3.** Од Европска Банка за обнова и развој за финансирање на проекти се очекува прилив од **2.455.000.000 денари**,

**I.2.4.** Од Ексим банка за 2025 година се планира да се повлечат средства во износ од **4.500.000.000 денари**.

- Графички приказ на планираните приливи од странски кредити за 2025 година




I.3 Во Буџетот на РСМ за 2025 година – Министерство за транспорт – потпрограма 2М – Инвестиции во патна инфраструктура – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации предвидени се **8.000.000.000 денари**, за реализација на проектите согласно Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија. Во Годишната програма предвидени се **1.120.500.000** денари, пренесени средства од Буџетот за 2024 година за инвестиции во патна инфраструктура за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10д.

## II.
## ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ И ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2025 година за инвестиции, отплата на кредити и трошоци планирани се средства во вкупен износ од **31.259.000.000** денари.

- Табеларен приказ на планирани инвестиции, отплата на кредити и трошоци за 2025 година

| ТРОШОЦИ, ОТПЛАТА НА КРЕДИТИ И ИНВЕСТИЦИИ | ПРОГРАМА 2025 година |
|---|---|
| **ТРОШОЦИ** | **3,650,000,000** |
| 1. Трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво | 30,000,000 |
| 2. Услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги и други услуги | 1,900,000,000 |
| 3. Плата и други надоместоци за вработените | 720,000,000 |
| 4. Трансфер кон ЕЛС за одржување на општински патишта и улици | 300,000,000 |
| 5. Даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето | 700,000,000 |
| **ОТПЛАТА НА КАМАТА И ГЛАВНИЦА ОД ЗЕМЕНИ КРЕДИТИ** | **3,964,390,000** |
| 1. Отплата на камата за земени кредити од странски кредитори | 900,000,000 |
| 2. Отплата на главница за земени кредити од странски кредитори | 2,450,000,000 |
| 3. Отплата на репрограмиран долг кон МФ | 614,390,000 |
| **ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА** | **23,644,110,000** |
| **1.ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА** | **5,752,110,000** |

| | |
|---|---|
| **1.1 Изградба на патишта, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити** | **3,662,110,000** |
| 1.1.1 Изградба на патишта | 2,762,110,000 |
| 1.1.2 Сигнализација и патна опрема | 100,000,000 |
| 1.1.3 Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели и други работи | 100,000,000 |
| 1.1.4 Сопствено учество во инвестиции со странски кредити | 700,000,000 |
| **1.2. Инвестиционо одржување на патишта** | **720,000,000** |
| **1.3. Експропријација** | **600,000,000** |
| **1.4. Проектирање и надзор** | **750,000,000** |
| **1.5. Опрема и софтвер** | **20,000,000** |
| **2. ИНВЕСТИЦИИ ОД СТРАНСКИ КРЕДИТИ** | **8,772,000,000** |
| **2.1. Кредити и Грант од Светска Банка** | **1,817,000,000** |
| 2.1.1. Проект за унапредување и развој на патишта | 1,817,000,000 |
| **2.2. Кредити од ЕБРД** | **2,455,000,000** |
| 2.2.1. Електронски систем за наплата на патарини Коридор 10 | 12,000,000 |
| 2.2.2. Проект за изградба на национални патишта | 525,000,000 |
| 2.2.3 Проект за реконструкција и рехабилитација на делница Крива Паланка-Деве Баир (граница со Р.Бугарија) | 8,000,000 |
| 2.2.4 Проект за патарини на Коридор 8 | 260,000,000 |
| 2.2.5 Букојчани - Кичево | 650,000,000 |
| 2.2.6 Скопје – Блаце | 1,000,000,000 |

| | |
|---|---|
| **2.3. Кредит од Ексим Банка** | **4,500,000,000** |
| 2.3.1 Проект за изградба на автопат Кичево - Охрид | 4,500,000,000 |
| **3. Буџетски средства за изградба на автопатски делници Тетово-Гостивар- Букојчани, Требеништа-Струга-Ќафасан и Прилеп-Битола,** | **9,120,500,000** |
| ВКУПНО | 31,259,000,000 |

- Графички приказ на планираните трошоци, отплата на кредити и инвестиции во 2025 година




**II.1. Во 2025 година планирани се трошоци во вкупна вредност од 3.650.000.000 денари, и тоа:**

**II.1.1** За трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво планирани се вкупно **30.000.000 денари**. Овие трошоци се однесуваат за набавки на: тонери за принтери и копири, ролни за фискални каси на наплатни станици, парагон билети, фотокопирна хартија, гориво за агрегати и за службени возила, ХТЗ опрема за вработените на наплатни станици, средства за хигиена и други слични трошоци.

**II.1.2** За услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални и други услуги планирани се вкупно **1.900.000.000 денари**. Најголем дел од овие средства се планирани за одржување на патиштата, преку договор со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта. Покрај одржување на патиштата, во оваа ставка спаѓаат и услуги за одржување на згради, објекти, софтвер и опрема (лифтови, фотокопири и принтери, клими, возила, агрегати, ПП централа, ПП апарати и испитување на громобранска инсталација, фискални печатари, систем за видео надзор и

комуникациска опрема на НС и гранични премини, систем за наплата на патарини и слично), комунални услуги, услуги за хигиена, електрична енергија, провизија за Здруженијата за технички преглед, адвокатски, нотарски, трошоци за извршители и други услуги.

**II.1.3** За плата и други надоместоци за вработените (утврдени со Закон, подзаконски акти, колективни договори, акти на претпријатието и слично) планирани се вкупно **720.000.000 денари**. Овие средства се предвидени за исплата на бруто плата и разни надоместоци за вработените.

**II.1.4** За трансфер кон ЕЛС за реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, планирани се средства во износ од **300.000.000 денари**. Средствата се трансферираат согласно Законот за јавни патишта кон Единиците на локалната самоуправа по доставена Програма за тековната година и Извештај за работењето од претходната година.

**II.1.5** За плаќање на даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето планирани се **700.000.000 денари**. Во оваа група спаѓаат: Данокот на додадена вредност, повраток на средства од регистрација на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт на стока, банкарски провизии, стипендирање и професионално усовршување и останати трошоци кои произлегуваат од секојдневното работење (осигурување на вработени и имот, транспорт на вработени, систематски преглед, експресно пренесување на пратки, надоместоци за членови на УО и НО и сл.)

- Графички приказ на поединечните трошоци во вкупно планираните за 2025 година




**II.2 За отплата на кредити кон Меѓународни финансиски институции планирани се средства во вкупен износ од 3.964.390.000 денари, тоа:**

**II.2.1.** За отплата на камата за земени кредити од странски кредитори предвидени се средства во износ од 900.000.000 денари.

**II.2.2.** По основ на отплата на главница за земени кредити од странски кредитори планирани се средства во вкупна вредност од 2.450.000.000 денари.

**II.2.3.** За отплата на репрограмираниот долг кон Министерството за финансии планирани се 614.390.000 денари. Долгот кон Министерството за финансии произлегува од отплатите на ануитетите кон Ексим банка, кои за Јавното претпријатие ги изврши Министерството за финансии, а потоа беа склучени договори за репрограмирање на долгот.

## II.3. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Јавното претпријатие во 2025 година планира да реализира средства за инвестиции во вкупна вредност од **23.644.610.000 денари**, и тоа:

**II.3.1** За инвестиции со сопствени средства предвидени се **5.752.110.000 денари.**

**II.3.1.1** За изградба на патишта, рехабилитација, реконструкција, осветлување, сигнализација, патна опрема, мостови, тунели, свлечишта, за сопственото учество во инвестициите финансирани од странски кредитори и други работи планирани се **3.662.110.000 денари.**

Овие средства предвидени се за реализација на следниве проекти:

- **Завршени проекти, а ќе има исплати во 2025 година:**

- Реконструкција на регионален пат Р2133 делница Матејче - Липково,
- Доизградба на регионален пат крак 1 од Р-418 (фаза 2), на потег фабрика "Вевчанка" – Здравствен дом Вевчани,
- Изградба на државен пат Р1402 делница С.Коњарево - Н.Коњарево,
- Реконструкција на државен пат Р2133 делница Ропалце – Матејче,
- Реконструкција на државен пат Р1109 делница, обиколница на Богданци,
- Поправка и рехабилитација на државни патишта со рамковна спогодба од 2022 година: делница, Демир Капија – Неготино (двата коловози), делница, Скопје – Тетово (двата коловози).
- Санација на трупот на патот на Р1303, делница М.Брод - Прилеп (Превој) Барбарос
- Поставување на Сообраќајна сигнализација и опрема на државен пат А3 делница Буково -Охрид подделница Буково-влез во Охрид,
- Поставување на Сообраќајна сигнализација на државен пат Р1206 делница Желино-Тетово и делница кл.Сарај-Карпалак,
- Санација на мост над река Шевница на Р1101,
- Изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце,
- Докомплетирање на изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од

ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце.

- **Проекти кои ќе продолжат со реализација во 2025 година:**

- Изградба на регионален пат Р2246, Извор (спој со А2) – Гарски Мост,
- Изградба на автопат Кичево – Охрид,
- Реконструкција на делница Струмица – Дабиле,
- Рехабилитација и поправка на државен пат Р1301, делница Охрид – Свети Наум,
- Поправка и рехабилитација на државни патишта со рамковна спогодба од 2022 година: Заштита и санација на потпорен ѕид кај Бигорски,
- Изградба на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено (фаза 1),
- Реконструкција со проширување на регионален пат Р1109 делница Понов мост – влез во Богданци,
- Санација на трупот на патот на Р1306, делница Прилеп - Крушево (Кај Славеј),
- Изведба на еластична одбојна ограда од км 1+120,00 до км 1+320,00 за објект изградба и докомплетирање на автопат А4, делница ГП Блаце-Скопје (клучка Стенковец), подделница 1-проширување на постоен пат А4 од ГП Блаце со с.Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат со с.Блаце,
- Санација на свлечиште/трупот на патот на км 49+800 на Р1202, делница Косоврасти -Мелнички мост,
- Санација на мост над река Вардар (кај село Здуње) на државен пат А2, делница Гостивар Стража,
- Санација на одрон/косина на Р1202, делница Бошков Мост - Мелнички Мост (кај Косоврасти),
- Санација (бојадисување) на тунели на автопат А1, делница Демир Капија – Смоквица,
- Поставување на сообраќајна сигнализација на државен пат Р1203 делница Тетово - Г.П. Јажинце
- и други проекти.

- **Проекти кои ќе отпочнат во 2025 година:**

- Изградба за поврзување на автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136,
- Докомплетирање на недовршени градежни работи за изградба на автопат А4, делница Миладиновци - Свети Николе – Штип,
- Рехабилитација на државен пат А2, Обиколница на Крива Паланка
- Доизградба на клучка Брвеница,
- Поправка и рехабилитација на државни патишта со рамковна спогодба во времетраење од 2 години,
- Поправка и санација на мостови со рамковна спогодба со времетраење од 2 години,
- Поставување на сообраќајна сигнализација на државен пат Р1309 делница: Зрновце-Кочани-Пониква,
- Санација на мост на Р2250, делница Киселица – Луке,
- Поставување на сообраќајна сигнализација на државен пат Р1309 делница: Злетово - Добрево - Пробиштип и државен пат Р2232 делница: врска Р1309/2232 Ратавица – Злетово
- Санација на потпорни ѕидови кај потпатник на државен пат А2, обиколница Скопје на км. 21+840 до км. 21+987,
- Изградба на мост на Р2331, Делница Битола - Ниже поле,
- Поставување на заштитна звучна ограда на одредени автопатски делници по должина на коридорите 8 и 10 (покрајн.м.Ржничино, н.м. Илинден и н.м. Катланово),
- Докомплетирање на изградба на регионален пат Р2246 делница, Извор (спој со А2) – Гарски Мост,
- Рамковна спогодба за поставување на сообраќајна сигнализација и опрема за зголемување на безбедноста во сообраќајот во траење од две години,
- Поставување на сообраќајна сигнализација на државен пат Р2242, Желино- Јегуновце врска со Р2234 и регионален пат Р2234 Јегуновце - Теарце,
- Санација на косина на автопат А4 делница, Миладиновци-Свети Николе-Штип (кај наплатна станица Преод),
- Реконструкција со проширување на регионален пат Р2236, делница Свети Николе – Неокази,

- Изградба и подобрување на геометриските елементи на државен пат од спој со автопат А1 - Неготино,
- Рехабилитација на државен пат А2 делница, Извор – Врбјани и рехабилитација на државен пат А2 делница, Ботун - Климештани,
- Рехабилитација на државен пат А3 делница, Делчево - Граничен премин со Република Бугарија,
- Рехабилитација на државен пат А1 делница, Гевгелија - Граничен премин со Република Грција,
- Санација на трупот на патот на Р1301, делница Охрид – Свети Наум (кај Пештани),
- Изградба на мост на река Вардар кај Башино село, кој е дел од регионалниот патен правец Р1312,
- Санација на свлечиште на регионален пат Р2250, делница Киселица – Луке,
- Санација на мост над река Брегалница на Р1204 во Штип,
- и други проекти.

- **Доколку се обезбедат средства во 2025 година се планира да се отпочнат и следниве проекти:**
- Изградба на експресен пат делница Битола - Меџитлија со обиколница на Битола,
- Изградба на обиколница на Кавадарци,
- Изградба на обиколница на Ресен,
- Рехабилитација на автопат Хиподром - Миладиновци (двата коловози),
- Рехабилитација на автопат Петровец - Миладиновци (двата коловози),
- Рехабилитација на автопат Хиподром - Петровец (двата коловози
- Рехабилитација на регионален пат Р1306, Кривогаштани - Крушево,
- Рехабилитација на регионален пат Р1305, Кичево (Другово) - Д.Хисар (Сладуево),
- Рехабилитација на регионален пат Р1305, Д.Хисар (Сладуево) - Битола (Лопатица),
- Рехабилитација на регионален пат Р1306, Д.Хисар (Сладуево) - Крушево,
- Санација на мостови, вијадукти и надпатници извадени од системот за управување со мостови,
- и други проекти.

**II.3.1.2** За инвестиционо одржување на патиштата предвидени се **720.000.000 денари**. Најголем дел од овие средства ќе се реализираат преку Договорот со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта, предвидени во Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2025 година;

**II.3.1.3** За експропријација на земјиште, објекти, шуми, насади и поседи на делниците кои се планираат за изградба во текот на 2025 година, планирани се **600.000.000** денари;

**II.3.1.4** За изработка на проектна документација и надзор над градежните работи на државните патишта, предвидени се средства во износ од **750.000.000 денари.** Оваа позиција ги опфаќа трошоците за изработка на физибилити студии, инфраструктурни проекти, студии за животна средина, основни проекти и други делови на инвестиционо - техничка документација, како надзор над изградбата и одржувањето на патиштата.

**Во 2025 година се планира исплата по веќе склучени договори за изработка на проектна документација за следниве делници:**

- Изработка на инфраструктурен проект за државен пат А2 делница, Букојчани – Кичево (варијанта со тунел),
- Изработка на проектна документација делница Струмица – Валандово – спој со А1,
- Изработка на проектна документација на државен пат А3 обиколница Ресен,
- Изработка и комплетирање на проектна документација за поврзување на идниот автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип (клучка Средно Коњаре) со регионалниот пат Р2136,
- Докомплетирање на постоечка проектна документација и изработка на инфраструктурен проект за реконструкција со проширување на регионален пат Р2236 делница Свети Николе – Неокази,
- Изработка на проектна документација за изградба на обиколница на Тетово преку клучка Требош до Непроштено (фаза 2),
- Изработка на техничка документација - Сообраќаен проект на државен пат Р1309 делница: Зрновце-Кочани-Пониква,

- Изработка на проектна документација за Санација на мост на Р2250, делница Киселица – Луке,
- Изработка на техничка документација - Сообраќаен проект на државен пат Р1309 делница: Злетово - Добрево - Пробиштип и државен пат Р2232 делница: врска Р1309/2232 Ратавица – Злетово,
- Изработка на техничка документација - Сообраќаен проект на државен пат Р2242 Желино - Јегуновце врска со Р2234 и регионален пат Р2234 Јегуновце – Теарце,
- Изработка на проектна документација за изградба на државен пат Стрезимир - Луково поле – Граница со Република Косово (воедно да се води постапка за категоризација од локален во државен пат),
- Изработка на проектна документација за проширување и подобрување на безбедноста во сообраќајот на државен пат Р2234, делница Кондово – Радуша – Јегуновце и изградба на обиколница на Свиларе,
- и други проекти.

**Во 2025 година се планира изработка на проектна документација за нови делници:**

- Изработка на проектна документација за дел од обиколница на Богданци на државен пат Р1109,
- Изработка на проектна документација за изградба на државен пат Тетово – Граничен премин Косово кон Призрен,
- Изработка на проектна документација за изградба на експресен пат, делница од спој со А1 - Струмица – обиколница на Струмица – граница со Р. Бугарија,
- Изработка на проектна документација за изградба на мост на река Вардар кај Башино село, кој е дел од регионалниот патен правец Р1312,
- Изработка на проектна документација за доизградба на клучка Брвеница,
- Изработка на проектна документација за дополна на основен проект и проект за инфраструктура за измена и дополна на проектот за инфраструктура за изградба на државен пат Р2246, делница Гарски мост – Ехловец (Извор),

- Изработка на проектна документација за санација на одрон на магистралниот пат А3, делница Исти Бања – брана Калиманци (Над село Истибања),
- Изработка на проектна документација за изградба на државен пат обиколка на Новаци,
- Изработка на проектна документација за изградба на клучка "Гиновци" на државен пат А2, делница Длабочица – Страцин (Чатал) на ниво автопат,
- Изработка за проектната документација за изградба на патен правец А1: Прилеп – Градско, делница од спој со пат за с.Беловодица до мост до каменолом Маврово,
- Изработка на проектна документација за проширување со подобрување на геометриските елементи на регионален пат Р1102 делница, железничка рампа Маџари – Ржничино (Петровец),
- Изработка на проектна документација за изградба на клучка Јурумлери,
- Изработка на проектна документација за рехабилитација на регионален пат Р1106 делница, Јурумлери – Драчево,
- Изработка на проектна документација за изградба на обиколница на Кавадарци,
- Изработка на проектна документација за проширување со подобрување на геометриските елементи на регионален пат Р1108 делница, излез од Гевгелија – Ново Конско,
- Изработка на проектна документација за изградба регионален пат Р2434 делница, Долно Липовиќ – Рич (општина Конче),
- Изработка на идеен проект и физибилити студија за обиколница на Дојран,
- Изработка на сообраќаен проект за автопат А1 (Е75) со патни јазли, согласно измените на правилникот за сообраќајна сигнализација и усогласување со европските нормативи за сигнализација и патна опрема
- и други проекти

**Доколку се обезбедат средства во 2025 година се планира да се отпочне изработка на проектна документација за нови делници и тоа за следниве проекти:**

- Изработка на проектна документација за изградба експресен пат Кочани – Виница – Делчево – ГП со Р. Бугарија,
- Изработка на проектна документација за изградба експресен пат Битола - Ресен,
- Изработка на проектна документација за изградба експресен пат Страцин - Романовце,
- Изработка на проектна документација за изградба експресен пат Радовиш - Струмица,
- Изработка на проектна документација за санација на мостови, вијадукти и надпатници извадени од системот за управување со мостови
- и други проекти

**II.3.1.5** За набавка на опрема и софтвер планирани се **20.000.000 денари.**

**II.3.2** За инвестиции од странски кредити предвидени се **8.772.000.000 денари** и тоа финансирани од: Светска банка, Европска банка за обнова и развој и Ексим Банка.

**II.3.2.1** Кредит и Грант од Светска банка во износ од **1.817.000.000 денари**, за следниве проекти:

- Со Проектот за унапредување и развој на патиштата, финансиран со обезбедени грант средства од Европска Унија WBIF и кредит од Светска банка, ќе се финансира:

- Изградба на експресен пат Ранковце - Крива Паланка – завршен е во декември 2024 година, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- Консултантски услуги: Ех-анте и Ех-пост корисничко истражување и оцена на влијанието – во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- Техничка ревизија при изградба на експресен пат Ранковце – Крива Паланка - во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- Финансиски аудит – ревизија - во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- Експерт за договорни услови - во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,

- Хардвер и софтвер за систем за управување со мостови (БМС фаза 2) - во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- Геотехнички консултант - во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година,
- и други проекти.

**II.3.2.2** Кредити од Европска банка за обнова и развој во износ од **2.455.000.000 денари**, за следниве проекти:

- Проектот Изградба на патарини на Коридор 10 и инсталирање на електронски систем за наплата на патарина прва фаза се однесува на следниве изградени патарини: Романовце, Петровец, Сопот, Отовица, Градско, Демир Капија, Гевгелија и контролен центар за наплата на патарина Петровец. Сите наведени патарини кои се дел од договорот како и контролниот центар во Петровец се изведени, во 2025 година ќе продолжи наплатата за одржување на системот за електронска наплата на патарина до Октомври 2025 само за наплатната станица Демир Капија (одржувањето е дел од овој договор).

- **Со Проектот Програма за национални патишта, ќе се финансираат :**

- Изградба на експресен пат Штип – Кочани (Делница Штип – Крупиште и Делница Крупиште – Кочани се завршени, а за Делница Крупиште – Кочани ќе има финасиски импликации во 2025 година ,
- Изградба на експресен пат Градско – Прилеп, делница (Фариш - Дреново), ќе заврши во прва половина на 2025 година
- Рехабилитација на повеќе државни патишта: Катланово – Петровец (2 коловоза), Маврови Анови – Жировница е завршен, ќе има финасиски импликации во 2025 година.
- Техничка помош за Единицата за имплементација на проектот,
- и други проекти.

- **Со Проектот Крива Паланка – Деве Баир,** со обезбедени грант средства од Европска Унија и заем од Европска Банка за обнова и развој се финансира реконструкција и рехабилитација на патниот правец Крива Паланка - Деве Баир. Проектот е завршен во декември 2023 година, ќе има фискални инпликации во 2025 година.

- **Проектот за патарина на автопатишта,** се финансира за воведување на електронски систем за наплата на патарини на Коридор 8 и изградба на нови наплатни станици на новоизградените автопатски делници.

  Со проектот изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарина втора фаза, на Коридор 8 и Автопат Миладиновци - Штип во 2025 година ќе се финансира реконструкција на патарините Глумово и Желино, доградба со дополнителна лента за наплатна станица Миладиновци, како и одржување на патарините Глумово и Желино. Во план како дел од овој договр се наплатните Тетово и Гостивар и инсталирање на фотоволтаичен систем на сите постојни патарини од коридор 10 како и изведените и реконструираните патарини од коридор 8 и на Автопатот Миладиновци - Штип. Консултански услуги за поддршка на проектот за Изградба и инсталација на наплатни станици на Коридорот 8 и Автопатот Миладиноци-Штип (фаза 2).

- **Изградба на автопат Букојчани – Кичево,** се финансира со обезбедени грант средства од Европска Унија и заем од Европска Банка за обнова и развој

- Проектирање
- Изработката на основниот проект за изградба на автопат, Букојчани - Кичево, делница Црвици- Долно Строгомиште, км 2+500 до км 6+200 е во тек
- Надзор на двете подделници од Букојчани до Кичево
- Техничка подршка на единица за имплементација на проектот
- Изведување на градежни работи

- **Изградба на автопат Скопје – Блаце** втора фаза, се финансира со обезбедени грант средства од Европска Унија и заем од Европска Банка за обнова и развој

- Изградба на автопат, Скопје - Блаце втора фаза,
- Надзор за изградба автопат, Скопје - Блаце втора фаза,
- Техничка асистенција во тек, ќе има фискални импликации во 2025 година.

**II.3.2.4 Кредит од Ексим банка во износ од 4.500.000.000 денари, за финансирање на:**

- Изградба на автопат Кичево – Охрид

**II.3.3.** За имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија, предвидени се **4.500.000.000 денари** во Буџетот на РСМ за 2025 година – Министерство за транспорт – Инвестиции во патна инфраструктура – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

- Графички прикази на планираните инвестиции во 2025 година




III.

Оваа Програма стапува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе почне да се применува по добиената согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Претседател на Управен одбор**

**Наташа Јовановска**